ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARRJA KOMUNALE PUBLIKE
СОПИШТЕ - SOPISHTË
Бр.-Nr. 01-34/2
16.01 2019 год.-viti
Сопиште - Sopishtë

# П Р О Г Р А М А

**за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од територијата на Општина Сопиште за 2019 година**

Врз основа на одредбите од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16) и Одлуката за комунален ред на Општина Сопиште бр. 07-4013/1 од 17.12.2013 год. донесена од Советот на Општина Сопиште, Јавното комунално претпријатие „Сопиште“ -Сопиште донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од територијата на Општина Сопиште за 2019 година

## I. ВОВЕД

Јавното комунално претпријатие „Сопиште“ – Сопиште со изготвувањето и донесувањето на оваа програма се стреми за исполнување на две основни цели, како што се имплементацијата на законската и подзаконската регулатива од оваа област (пред се Законот за управување со отпад и Законот за животна средина) и подобрување на оперативното работење, воведување на нови технологии и техники во работењето и процесот на работата. За реализацијата на оваа програма ќе биде задолжен Одделот за собирање и транспортирање на комунален цврст отпад кој е добро организиран, има добра соработка со корисниците на услугите и со вршење на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад во 2019 година целосно ќе биде покриена целокупната територија на Општина Сопиште.

Кај граѓаните на нашата општина постои висока еколошка свест, тие се помалку го толерираат загадувањето на околината со отпадоци, а ефикасниот инспекциски надзор и мандатните казни би требало да ги приморaат несовесните граѓани да ги почитуваат правилата за управување со цврстиот отпад на заедницата. Со ефикасното третирање на комуналниот цврст отпад, граѓаните на Општина Сопиште се чекор напред во остварувањето на правото на здрава животна средина.

Идните планови на ЈКП „Сопиште“ – Сопиште ќе бидат насочени во насока на унапредувањето и заштитата на животната средина, воведување на нови техники и технологии во управувањето со отпадот, третман на истиот преку искористување на отпадот како секундарна суровина и енергетско гориво, намалување на количината на создавање на отпадот, негов адекватен третман, подигнување на јавната свест за значењето на овој проблем, евиденциите и мониторингот, а се со цел намалување и елиминирање на штетното влијание на овој вид на отпад врз животната средина.

Со цел исполнувањето на основните цели на Законот за управување со отпадот, ЈКП „ Сопиште“ Сопиште ќе продолжи со превземање на активности во насока на:

- избегнување/намалување на количеството создаден отпад
- искористување на употребливите состојки од отпадот

- одржлив развој и спречување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, а се во интерес на заштита на здравјето на луѓето.

Исто така во функција на исполнување на наведените цели мора да се обезбеди и почитување на основното начело: создавачот на отпадот е одговорен за сопствениот создаден отпад во смисла на негово селектирање, негово намалување, штетно влијание врз животната средина и со крајна претпазливост во постапувањето од една страна. На овој начин ЈКП „Сопиште“ – Сопиште како давател на услугата ќе може да ги применува начелата на: универзалност на услугата, недискриминација, одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, економски прифатлива цена и целосно покривање на територијата на вршење на услугата, од друга страна.

Почитувајќи го принципот / начелото – загадувачот плаќа, интегрираното управување со отпадот се наметнува како императив, а општината треба да има увид во вкупните количини на создаден отпад и начинот на постапување со него, при што ЈКП „Сопиште“ – Сопиште е само еден од субјектите за подобрување на квалитетот на живеење во урбаната средина.

## II. ОПШТ ДЕЛ

Со оваа Програма се определува и планира начинот и динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од домаќинствата на подрачјето на Општина Сопиште, начинот на отстранувањето – депонирањето на комуналниот отпад, одредени дополнителни дејности и активности на ЈКП „Сопиште“, организационо – техничката опременост и начинот на финансирање. Оваа програма е усогласена со Законските и подзаконските акти и тоа со: Законот за управување со отпад, Законот за животна средина, Законот за комунална дејност и Одлуката за комунален ред на Општина Сопиште.

При постапувањето со комуналниот и другите видови неопасен отпад, ЈКП „Сопиште“- Сопиште ќе се раководи според начелата за: приоритет при управување со отпадот, заштита на животната средина, претпазливост, универзалност на услугите и начелото загадувачот плаќа.

Со оваа Програма се опфатени сите делови и населени места од подрачјето на Општина Сопиште, а димензионирањето на нивото на услугата и динамиката на нејзино извршување претставуваат заокружена целина со почитување на урбаните, социјалните и културните навики на живеење на населението. Во зависност од бројот и видот на садовите за времено сместување на комуналниот отпад, како и почитувајќи ги претходно наведениве навики и потреби, утврдена е динамиката на собирање и транспортирање на истиот, што е исклучиво во интерес на задоволување на потребите на граѓаните, односно на корисниците на услугите.

Целокупниот собран комунален отпад, како од домаќинствата, така и од стопанските субјекти и собраниот отпад од јавно прометните површини, со специјални возила прилагодени за таа намена ќе се транспортира и депонира на санитарната депонија Дрисла.

## III. ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

Јавното комунално претпријатие „Сопиште“ – Сопиште е добро организирано, стручниот кадар постојано го подобрува системот за управување со отпадот и претпријатието има добра логистика на собирање на отпадот и добра соработка со корисниците на услугите. Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад во една рурална средина во рамките на законската регулатива, што пак има директно влијание во зачувувањето на животната средина, гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од подрачјето на Општина Сопиште е утврдена во зависност од:

- густината на населеноста
- количеството на комуналниот отпад
- структурата на комуналниот отпад
- социјалните, културните и останатите особености и навики на граѓаните
- инфраструктурните сообраќајни услови
- видот и бројот на садовите за комунален отпад

Во продолжение следи:
Преглед на динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата во Општина Сопиште, по населени места и работни денови.

| **ПОНЕДЕЛНИК** | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Населено место | Време на собирање |
| 1. | Горно Соње | $8^{00}$-$10^{00}$ |
| 2. | Долно Соње | $10^{00}$-$12^{00}$ |
| 3. | Св.Петка | $9^{00}$-$10^{30}$ |
| 4. | Барово | $10^{30}$-$11^{00}$ |
| 5. | Чифлик | $11^{00}$-$13^{00}$ |

| **ВТОРНИК** | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Населено место | Време на собирање |
| 1. | Брезница | $8^{30}$-$09^{30}$ |
| 2. | Јаболце | $10^{00}$-$11^{00}$ |
| 3. | Држилово | $11^{00}$-$12^{00}$ |
| 4. | Патишка Река | $12^{00}$-$14^{00}$ |

| **ЧЕТВРТОК** | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | Населено место | Време на собирање |
| 1. | Сопиште | $8^{00}$-$11^{00}$ |
| 2. | Ракотинци | $11^{00}$-$12^{00}$ |
| 3. | Добри Дол | $12^{00}$-$13^{00}$ |

Според податоците, од страна на ЈКП „Сопиште“ Сопиште со организираното подигнување на отпадот преку систем на изнесување се планира да бидат опфатени околу 2000 индивидуални корисници (домаќинства и викенд куќи). Отпадот од домаќинствата редовно се подигнува од соодветни стандардизирани специјални садови за собирање на отпадот – пластични канти од 120 л. со кои се снабдени поголемиот дел од домаќинствата на територијата на Општина Сопиште, кои создавачите на отпадот ги изнесуваат до местата определени за таа намена, во деновите и термините определени за изнесување смет. За оние корисници кај кои е невозможно да се постави канта поради отежнат пристап, ќе бидат набавени и поставени контејнери со зафатнина од 1.1 $м^3$ на територија на Општина Сопиште.

Освен на индивидуалните корисници – домаќинства, ЈКП „Сопиште“ - Сопиште врши услуги и на правните субјекти (установи, дуќани, угостителски и трговски објекти и др.) кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Сопиште, а кои комуналниот отпад го одлагаат во постојните садови за негово времено сместување (канти од 120 л. и контејнери со зафатнина од 1.1 $м^3$ ). Динамиката на собирање на отпадот од правните субјекти се определува договорно, според нивните потреби и создаденото количество на комуналниот цврст отпад.

Целокупниот комунален цврст отпад кој ќе се собере од корисниците ќе се транспортира и депонира на санитарната депонија за комунален отпад Дрисла. Во претстојната 2019 година се очекува да се собере и транспортира до депонијата Дрисла комунален цврст отпад во годишно количество од околу 1.700,00 тони , а просечната неделна количина би изнесувала околу 35 t.

Покрај основната дејност ( собирање и транспорт на комунален цврст отпад), Јавното комунално претпријатие „Сопиште“ извршува и определени дополнителни дејности и активности во функција на подобрување на квалитетот на живеење во општината. Една од овие активности е и отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности.

Со цел функционалното собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од подрачјето на Општина Сопиште, ќе се врши ангажирање на потребниот број возни единици за целосно собирање на комуналниот отпад, според утврдената динамика. Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила за таа намена.

- Преглед на организационо техничката опременост на ЈКП „Сопиште“ – табеларен преглед на специјалните возила за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад и други дополнителни активности.

| Ред.бр. | Вид | Марка | Тип | Парчиња | Просечна старост (год.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Товарно за смет | SCANIA | P4X2 P 94 GB 4X2 NA | 1 | 1998 |
| 2. | Товарно за смет | MERCEDES BENZ | 970.22 | 1 | 2002 |
| 3. | Ровокопач - утоварач | JCB | 3 CX 14 M4WM | 1 | 2013 |
| 4. | Товарно возило | MERCEDES | 970.01/970. | 1 | 2004 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | кипер | BENZ | 012 | | |
| | | | | 4 | 15 години |

- Преглед на потребни ресурси за вршење на работите (работна рака). Во функција на извршувањето на основната дејност ( собирање и транспортирање на комуналниот отпад), за успешна реализација на Програмата 2019 година ќе бидат задолжени:

  - 2 возачи на специјални возила
  - 6 работници за изнесување на смет
  - 1 ракувач со градежна машина

## IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува дека неопходно ќе бидат финансиски средства во износ од **9.000.000,00** денари, кои ќе се обезбедат од:

- наплатата на надоместокот за извршување на комунална услуга за собирање и транспортирање на комунален цврст и други видови на неопасен отпад од домаќинствата и правните субјекти и тоа:
  - ✓ преку инкасатор
  - ✓ со уплатница на жиро с-ка

Врз основа на досегашното искуство и показатели за трошоците за извршување на горенаведените услуги, за целосното и благовремено извршување на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад од корисниците се предвидуваат следниве трошоци:

| Ставка | Трошоци | Денари |
|---|---|---|
| 1. | Гориво | 500.000,00 |
| 2. | Мазива | 100.000,00 |
| 3. | Резервни делови и ситен инвентар | 450.000,00 |
| 4. | Авто гуми | 200.000,00 |
| 5. | Амортизација | 300.000,00 |
| 6. | Репрезентација | 30.000,00 |
| 7. | Трошоци за депонирање на смет ( Дрисла) | 900,000,00 |
| 8. | Осигурување и регистрација на возила | 120.000,00 |
| 9. | Бруто плата на вработени и привремено вработени | 3.000.000,00 |
| 10. | Бруто надомест на раководните органи | 200.000,00 |
| 11. | Банкарски провизии | 30.000,00 |
| 12. | Судски такси и такси во Буџет | 30.000,00 |
| 13. | Интелектуални услуги | 50.000,00 |
| 14. | Останати услуги и останати трошоци | 50.000,00 |
| 15. | Средства за лична заштита при работа | 100.000,00 |
| 16. | Спонзорство | 20.000,00 |
| 17. | Транспортни услуги | 50.000,00 |
| 18. | Камати | 30.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Набавка на црева | 30.000,00 |
| 20. | Браварско заварувачки работи | 30.000,00 |
| 21. | Вулканизерски услуги | 30.000,00 |
| 22. | Канти и контејнери | 250.000,00 |
| | | |
| **Претпоставените вкупни трошоци за реализација на годишните активности за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад од корисниците од подрачјето на Општина Сопиште** | | **6.500.000,00 ден.** |
| Претпоставени приходи кои ЈКП „Сопиште“ би ги остварило од извршување на работни ангажмани за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад во 2019 година<br><br>* Приходи од извршени услуги на правни лица -----------<br><br>* Приходи од извршени услуги на физички лица --------- | | <br><br><br><br>*3.500.000.00* ден.<br><br>*5.500.000,00* ден. |
| **Вкупни претпоставени приходи за 2019 година** | | **9.000.000,00 ден.** |

## V. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад од територијата на Општина Сопиште за 2019 година врши надлежниот општински орган – Одделение за инспекциски надзор.

Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски надзор на Општина Сопиште преку комуналниот инспектор, инспекторот за животна средина и комуналните редари.

ЈКП СОПИШТЕ
В.Д. Директор
Сашо Јовевски

______________

Изработил:
Управител со отпад
Виктор Груевски